ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-3854/4
17 12 2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

---

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА- СКОПЈЕ**

# ПРОГРАМА

## ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОРИТОТО НА РЕКАТА ВАРДАР, НЕЈЗИНИТЕ ПРИТОКИ, ОТВОРЕНИТЕ КАНАЛИ, ЕЗЕРЦАТА И КАНАЛИТЕ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

*Скопје, декември 2025 година*

---

Врз основа на член 7 точка 3 од Законот за комунални дејности ( "Службен весник на РМ" бр.95/12, 163/13 и 42/14) , точка IV од Развојниот план за одржување на коритото на река Вардар, нејзините притоки и отворените канали на подрачјето на Град Скопје за период од 2026-2028 година и член 27 од Статутот на ЈП Улици и патишта, Управниот Одбор на ЈП Улици и патишта на шеесет и трета седница одржана на ден 17 декември 2025, донесе

# ПРОГРАМА
## ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОРИТОТО НА РЕКАТА ВАРДАР, НЕЈЗИНИТЕ ПРИТОКИ, ОТВОРЕНИТЕ КАНАЛИ И ЕЗЕРЦАТА И КАНАЛИТЕ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

## I. Вовед

На подрачјето на Град Скопје тече реката Вардар со своите притоки: Лепенец, Треска и Серава и системот на отворени канали кои ги прифаќаат и одведуваат атмосферските, отпадни и други води.

Во коритата на реките и отворените канали се собираат нанос на песок, мил, гранки како и комунален и градежен отпад што ја отежнувата нивната функција односно прифаќање и одведување на водите.

Со програмата се дефинираат потребните активности за одржување на минор – коритото на реката Вардар, нејзините притоки и отворените канали на подрачјето на град Скопје во урбаниот дел на градот.

Одржувањето на минор коритото на реката Вардар се однесува на делот од новиот мост кај Сарај до железничкиот мост во с. Горно Лисиче.

Во Програмата се утврдени планираните активности за наведените локации како и начинот на финансирање за 2026 година.

На територијата на речиси сите општини на Град Скопје егзистираат диви депонии. Депониите се повеќе годишни, со најразличен вид на отпад и се наоѓаат на различни локации.

По нивното расчистување се планира Град Скопје во соработка со општините планира трајно да го спречи нивното обновување преку рекултивирање на просторот и оплеменување со зеленило.

## II. Планирани активности

### 1.Одржување на минор коритото на реката Вардар

Одржуавње на коритото на левиот и десниот брег на реката Вардар потребно е да се одвива во пет фази и тоа:

- **Прва фаза – рачно чистење**

Рачното чистење на косините на коритото, за отстранување на целокупната нискостеблеста вегетација (грмушки, трева, корења, трња и друга вегетација) како и собирање на пластична амбалажа.

- **Втора фаза – машинско чистење на вегетација со кранска рака**

Чистењето на вегетацијата ќе се спроведува со возило на која е монтирана кранска рака. Исечената вегетација ќе се собира рачно, ќе се товари во камион и ќе се транспотира до соодветна локација.

- **Трета фаза – машинско чистење, утовар и транспорт**

Машинско чистење е во функција на регулација на речното корито и под него се подразбира отстранување на суспендиран нанос и наталожен мил по косините и нивелетата на коритото на реката Вардар. За реализација на истото потребно е да се поставаат времени шљунковити рампи за да се овозможи влез на потребната механизација во коритото на реката. Извадениот нанос, мил и друг материјал ќе се одложи за негово просушување, потоа ќе се утовари на камиони и ќе се транспортира до депонија за трајно одлагање .

- **Четврта фаза – машинско туркање на нанос и мил**

Машинско – булдожерско буткање туркање на песочните наноси и мил опфаќа пополнување на дупките и нерамнините на нивелетата на речното корито. За реализација на истото потребно е да се поставаат времени шљунковити рампи како би се овозможил влез на потребната механизација во коритото на реката.

- **Петта фаза – санирање на ѕиданите косини на коритото**

Оваа фаза подразбира чистење на фугите на ѕиданиот камен на косините на коритото, негово фугирање и замена на оштетените камења и камењата што фалат со нови.

Чистењето на фугите ќе се врши со компресор со пумпа со висок притисок, при што поголемите корења ќе се вадат рачно. Оштетените ѕидани делови на косините на коритото и таму каде што фалат камења ќе се санираат со набавка, обработка и вградување на камени блокови 30 см во цементен малтер. Потоа ќе следува перење на каменот со цистерна и премачкување со У-врска.

**2. Одржување на коритата на притоките на реката Вардар: Лепенец, Треска и Серава**

- **Прва фаза – рачно чистење**

Рачното чистење на косините на коритото подразбира сечење и отстранување на дрвја, грмушки, останата нискостеблеста вегетација и собирање на пластична амбалажа.

- **Втора фаза – машинско чистење на вегетација со кранска рака**

Чистењето на вегетацијата ќе се спроведува со возило на која е монтирана кранска рака. Исечената вегетација ќе се собира рачно, ќе се товари во камион и ќе се транспотира до соодветна локација.

- **Трета фаза – машинско чистење, утовар и транспорт**

Со машинско чистење е предвидено да се отстрани суспендираниот нанос, наталожен мил, шут, земја и останат материјал по косините и нивелетата на коритата на реките.

Доколку се укаже за потребно на одредени локации ќе се поставаат времени шљунковити рампи за да се овозможи влез на потребната механизација во коритото на реката. Извадениот нанос, мил и друг материјал ќе се одложи за негово просушување, потоа ќе се утовари на камиони и ќе се транспортира до депонија за трајно одлагање .

- **Четврта фаза – машинско туркање на нанос и мил**

Машинско – булдожерско буткање туркање на песочните наноси и мил опфаќа пополнување на дупките и нерамнините на нивелетата на речното корито. Ќе се спроведува на локации каде ќе се укаже потреба и има услови за изведување. Со оваа активност ќе се овозможи подобра регулација на коритото на реката .

**3. Одржување на отворените канали на подрачјето на град Скопје**

Одржувањето на отворените канали е предвидено да се одвива преку следниве фази:

- рачно сечење на нискостеблеста вегетација,
- рачно чистење на земја и комунален отпад под мостовите и на локации каде не постојат можности за пристап на механизација и машинско чистење,
- машинско чистење на вегетација со кранска рака
- машински ископ на наносен материјал, одлагање за негово просушување, машински утовар и таранспорт до депонија за трајно одлагање.

Планираните активности за одредена локација ќе се одвиваат по предходно даден налог за работа од Секторот за комунални работи.

**4. Одржување на езерцата и каналите во Градскиот парк**

Одржувањето на езерцата и каналскиот систем е предвидено да се одвива преку следниве фази:

- **Прва фаза- собирање на рибниот фонд од езерцата и каналите**

Пред отпочнување со чистењето потребно е да се заштити постојниот рибен фонд што подразбира негово собирање од езерцата и каналите и времено сместување во базени, соодветно чување до повторното враќање во водите.

- **Втора фаза- чистење на езерцата**

Чистењето на езерцата започнува со предходно испуштање на целокупната вода а преостанатата вода која неможе да истече по природен пат ќе се испумпува со муљна пумпа.

Самото чистење се врши машински и рачно и тоа:
Со машинско чистење (ископ) се отстранува наносен материјал, кој се бутка со булдужер до 60 метри и се остава да се просуши. Просушениот –исцеден наносен материјал машински се утоварува во камиони и се транспортира до депонија за трајно одлагање.
Рачно ископаниот наносен материјал-талог во вода се транспортира со колички на оддалеченост од 50 метри и се одлага , со цел за негово просушување. Потоа машински се утоварува во камиони и се транспортира до соодветна локација.

- **Трета фаза - чистење на каналскиот систем**

Пред да се започне со чистење на каналскиот систем потребно е водата, која не е истечена по природен пат, да се испумпа со муљна пумпа.
По испумпување на водата се врши рачен и машински ископ на наносен материјал (талог во вода), негово одлагање за просушување. Извадениот и просушен материјал како и нискостеблестата вегетација израсната по должина на косините на коритата

на каналите се сече, потоа машински се утоварува во камиони и се транспортира до до депонија за трајно одлагање.

- **Четвта фаза полнење со вода на езерцата и каналите и враќање на рибите**

По завршеното чистење на езерцата и каналите во Градскиот парк следува нивно полнење со вода. Откако ќе се наполнат со вода се пристапува кон враќање на рибниот фонд, односно порибување.

**5. Расчистување на дивите депонии на подрачјето на Град Скопје**

На различни локации каде ќе се утврди постоење на диви депонии машински ќе се спроведе чистење на најразновидниот отпад, утовар и транспорт до депонија Дрисла за негово трајно одлагање.

## IV. Финансирање

Финансирање на програмата ќе се врши од средства за таа намена во висина од 20.000.000,00 денари, кои ќе бидат обезбедени со Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

Единечните цени врз база на кои ќе се врши исплатата на времените ситуации и фактури се утврдени во ценовникот бр.02-4255/3 од 29.08.2023 година, бр. 02-4255/3 од 26.10.2023 и бр.02-143/4 од 07.03.2024 донесен на управниот одбор на ЈП.“Улици и патишта“- Скопје, усвоен на Советот на Град Скопје.

Финасиските средства за извршените активности дококу не се исплатат со Буџетот на Град Скопје од 2025 година, истите ќе се реализираат со Буџетот од Град Скопје од 2026 година.

## V. Извршител

Извршители на активностите предвидени со програмата ќе бидат ЈП.“Улици и патишта“-Скопје, врз база на предходно склучен договор со Градот Скопје.

## VI. Надзор

Надзор над извршување на програмата врши Секторот за комунални работи.

## VII. Завршна одредба

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добивање согласност од Советот на Град Скопје

Изготвил
Соња Кимова Делевска

Одобрил
в.д.Директор
Борис Настов

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**
Бобан Стојаноски